РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
СКОПЈЕ

| Примено: 13.12.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| | | | |

Адвокат м-р СПАСЕ НИКОЛОВ

**ДО:**
**ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО**
**СКОПЈЕ**

# КРИВИЧНА ПРИЈАВА

***од страна на Политичката партија ЛЕВИЦА***
(*врз основа на член 274 од ЗКП*)

**ПРОТИВ:** **АФРИМ САЉИУ– РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО ПРЕДУЧИЛИШНО, ОСНОВНО, СРЕДНО, ВИСОКО И ДРУГО ОБРАЗОВАНИЕ ПРИ ДРЖАВНИОТ ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ** [ВО СВОЈСТВО НА СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ]
ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54 – 1000 Скопје
www.dpi.mon.gov.mk | dpi@mon.gov.mk | afrim.saliu.66@gmail.com
тел. 02/31-40-103 | сл. моб. 076/446-120

**ПОДНОСИТЕЛ:** **ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА**
[ЗАСТАПУВАНА ОД ЗАСТАПНИКОТ ПО ЗАКОН: ДОЦ. Д-Р ДИМИТАР АПАСИЕВ]
ул. „Мирослав Крлежа" бр. 20-1/12; општина Центар – 1000 Скопје
ЕДБ: 4044016512070 | ЕМБС: 7108192
Трансакциска с-ка: 370001100160933 – Еуростандард Банка
www.levica.mk | contact@levica.mk | моб. 075/885-645

*__Преку полномошник:__ АДВОКАТ М-Р СПАСЕ НИКОЛОВ
бул. „Крсте Мисирков" бр. 7, ДТЦ Мавровка, Ламела Ц, кат III, бр. 4 – 1000 Скопје
ЕДБ: 5080019508783 | ЕМБС: 7355009
Трансакциска с-ка: 210073550090121 – НЛБ Банка АД Скопје
Лиценца бр. 4363 | Електронско сандаче за лична достава: s_nikolov
spaseanikolov@gmail.com | моб. 072/216-818

**ОСНОВ:** **<u>НЕСОВЕСНО РАБОТЕЊЕ ВО СЛУЖБАТА</u> (чл. 353-од КЗ)**

СПАСЕ А. НИКОЛОВ
адвокатска канцеларија

СПАСЕ А. НИКОЛОВ
адвокатска канцеларија

### *I. Правен основ за пријавување*

Оваа Кривична пријава ја поднесуваме согласно **чл. 273**, ст.3 [„Пријавување кривични дела"] и **чл. 274**, ст.1 [„Поднесување на пријава"] од *Законот за кривична постапка* (Сл. весник на РМ –150/2010 и 100/12, 142/16).

### *II. Фактички опис на делото*

1. Во работните денови 10 и 11 јуни 2019 година (понеделник и вторник), во два последователни наврата, пријавениот, во својство на овластено службено лице – Главен просветен инспектор од ДПИ, извршил недозволен **вонреден инспекциски надзор** на Правниот факултет при Државниот универзитет во Тетово, каде што <u>како асистентка, работи неговата родена ќерка м-р Џемиле Салиу</u>[1] – како нему „блиско лице", т.е. роднина по крв, во права удолна линија, прв степен на когнатско сродство – со што извршил класична и еклатантна злоупотреба при вршењето работи од јавен интерес, спротивно на чл. 67, ст.1 од *Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси* (Сл. весник на РМ, 12/2019).

Со ова, пријавениот просветен инспектор грубо ја прекршил, односно намерно не ја испочитувал императивната законска обврска за **задолжително изземање** – стипулирана во чл. 75 од цитираниот ЗСКСИ (2019), како антикорупциски lex specialis, па противзаконски извршил пристрасен инспекциски надзор, за што изготвил и соодветни архивски заверени *Записници за вонреден инспекциски надзор бр. 09-1629 (10.VI.2019)* и *бр. 09-1636, 09-1637 (11.06.2019)*, кои Ви ги доставуваме во прилог.

Доказ 1: *Записник од извршен вонреден инспекциски надзор на ДУТ бр. 09-1629 (10.VI.2019)* – за доц. д-р Арбер Адеми

Доказ 2: *Записник од извршен вонреден инспекциски надзор на ДУТ бр. 09-1636 (11.VI.2019)* – за вон. проф. д-р Агим Нухиу

Доказ 3: *Записник од извршен вонреден инспекциски надзор на ДУТ бр. 09-1637 (11.VI.2019)* – за вон. проф. д-р Сафет Емрули

---

[1]Види го официјалниот веб-сајт на Државниот униветзитет Тетово, во делот на вработениот академски кадар на Правниот факултет: https://unite.edu.mk/wp-content/uploads/2018/10/Xhemile-Saliu-CV-Faculty-of-Law.pdf.

СПАСЕ А. НИКОЛОВ
адвокатска канцеларија

Истовремено, со ова свое неморално, непрофесионално и **незаконито службено дејствие** кое го презел, иако не можел и не смеел да го преземе – тој го повредил и обврзувачките чл. 5, 6, 10 и чл. 17 од *Етичкиот кодекс на инспекторите*:

1) Инспекторите при извршувањето на службените обврски се должни да ги почитуваат одредбите од Законот за спречување на судир на интереси и да постапуваат согласно истиот.
2) Кога инспекторите ќе дознаат за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси, должни се веднаш да побараат да бидат изземени и да запрат со своето постапување.

Доказ4: *Етичкиот кодекс на инспекторите* (Сл. весник на РМ, 108/2014)

Со ова, тој – очекувајќи идна корист за член на своето домаќинство, т.е. потесно семејство[2]– извршил недозволиво и противправно институционално **патерналистичко прикривање на фактичката состојба** (англ. *'cover up'* ) за тројца актуелни функционери од владејачката политичка партија ДУИ [Демократска унија за интеграција] и тоа: (1) Арбер Адеми – Министер за образование и наука; (2) Агим Нухиу – Заменик министер за внатреши работи; и (3) Сафет Емрули – Директор на Државниот завод за индустриска сопственост, со цел „заташкување" на нивниот случај на противзаконито унапредување во повисоко наставно-научно звање за време на мирување на правата од работен однос, а претходно откриен од страна на неговиот колега-просветен инспектор при ДПИ – Ѓорги Илиевски, преку еклатантна, свесна и злонамерна погрешна интерпретација на правото и противуставна ретроактивна примена на *Законот за високо образование* (Сл. весник на РМ, 82/2018) за настани кои се случиле две години порано, поточно во 2016 год., кога во сила бил стариот ЗВО!?

Ситуацијата е покомплицирана и отежнителна за пријавениот, ако се знае фактот дека истите овие тројца именувани лица, кои во моментов вршат високи државни функции, како **членови на Наставно-научниот совет** на Правниот факултет при ДУТ, во скора иднина, треба да гласаат за избор или реизбор на керката на пријавениот инспектор во повисоко соработничко, односно наставно научно звање (асистент-докторант, доцент, професор и сл.).

[2]„Под поимот 'семејство', во смисла на овој закон, се подразбира брачниот другар, вонбрачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите и други роднини со кои лицето од ставот (1) на овој член живее во заедничко домаќинство" [чл. 8, ст.3 од ЗСКСИ].

„Под поимот 'блиски лица' се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес" [чл. 8, ст. 4 од ЗСКСИ].

СПАСЕ А. НИКОЛОВ
адвокатска канцеларија

Доказ5: *Импринт од официјалната веб-страница на Правниот факултет при ДУТ* (www.unite.edu.mk)– во делот на полноправни членови на ННС

2. Оваа илегална фактичка ситуација е констатирана и санкционирана и од страна на стварно надлежен антикорупциски орган – **Државната комисија за спречување на корупција**, која постапувајќи во правосилно завршениот *Предмет Бр. 09-4509/2* (13.11.2019), иницииран по наша *Пријава бр. ИП-255/19 (27.09.2019)*, повратно писмено нè извести дека:

„Африм Саљиу не постапил согласно чл. 75, ст.1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно не побарал да биде изземен од вршењето вонреден инспекциски надзор на ДУТ, иако постои реална ситуација која укажува на постоење судир на интереси, со тоа што негово блиско лице е вработено на истиот универзитет, по што продолжил и не запрел со своето постапување.

При вака констатирана фактичка состојба, Државната комисија Ве известува дека лицето Африм Саљиу постапило спротивно на чл. 72 и чл. 75 од ЗСКСИ, а во врска со чл. 17, ст. 2 од Етичкиот кодекс на инспекторите.

Државната антикорупциска комисија смета дека, постапувајќи на овој начин наведеното службено лице ги повредило и начелата на законитост и интегритет при извршувањето на своите службени должности, согласно чл. 3 ст.1-2 и чл. 4 од ЗСКСИ".

Доказ6: *Известување на ДКСК Бр. 09-4509/2(13.11.2019)*– своерачно потпишано од страна на претседателката на Антикорупциската комисија г-ѓа Билјана Ивановска

## *III. Службенички криминалитет*

Со ваквото негово умислено и инкриминирано комисивно дејствие, во целост се исполнети условите за кривичен прогон по службена должност за сторено кривично дело „**Несовесно работење во службата**", како јавен деликт насочен против службената положба и овластување, казниво по чл. 353-в од пречистениот текст на *Кривичниот законик на РМ* (Сл. весник на РМ – 37/1996 и 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17) – сместено во Глава XXX од Посебниот дел на КЗРМ, кој го инкриминира т.н. службенички криминалитет [*Кривични дела против службената*

СПАСЕ А. НИКОЛОВ
адвокатска канцеларија

*должност*], како дело класифицирано во тематската подгупа на т.н. „Општи прави службени казнени дела" од типот на delicta propria, т.е. дела со специјален субјект:

> Службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие или јавна установа кое, со повреда на законските прописи за судир на интереси или за совесно постапување при вршењето на дискреционо овластување, со пропуштање на должен надзор или на друг начин очигледно несовесно постапува во вршењето на своите овластувања и должности и со тоа ќе прибави за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му нанесе штета – ќе се казни со затвор од три месеци до три години!

### *IV. Законско битие на делото*

а) **Објективно битие** – според законскиот опис, делото го врши службено лице дефинирано во чл. 122 од КЗ кое ќе ги повреди законските прописи за конфликт на интереси, стипулирани во посебниот нов Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси (2019), како lex specialis, каде под *судир на интереси* се подразбира „состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности" [чл. 2, ст.3 од ЗСКСИ].

б) **Субјективно битие** – за одговорност за делото се бара тоа да е сторено со умисла, в.в. чл. 13 од КЗ (1996), поточно доволна е да постои *несовесности* т.н. индиректна умисла (лат. Dolus eventualis): „кога сторителот бил свесен дека поради неговото сторување или несторување може да настапи штетна последица, но се согласил со нејзиното настапување".

***

Предвид погоре изнесеното, а поради постоење поголем степен на основано сомневање дека пријавениот свесно и злонамерно сторил **кривично дело кое се гони ex officio**, до Вас – како орган надлежен за гонење на кривични дела по службена должност– ја доставуваме оваа издржана Кривична пријава, поткрепена со несоборливи материјални докази, со полна верба дека ќе постапите по истата bona fide и, согласно Вашите должности и надлежности во предистражна и истражна постапка, предвидени со *Законот за кривичната постапка* (2010), истата понатаму судски ќе ја процесуирате, а нас – како подносители – повратно писмено ќе нè известите.

бул. „Крсте Мисирков" бр. 7, ДТЦ Мавровка, Ламела Ц, кат III, канц. бр. 4 - 1000 Скопје;моб.+389 72216-818;e-mail: spaseanikolov@gmail.com;
Е-сандаче:s_nikolov; ЕДБ: 5080019508783; ЕМБС: 7355009; Трансакциска с-ка: 210073550090121–НЛБ Банка

СПАСЕ А. НИКОЛОВ
адвокатска канцеларија

Сметаме дека во целост се исполнети сите таксативно наведени законски услови за кривичен прогон за конкретното сериозно кривично дело – по принципот *numerus clasusus* – па за таа цел, во прилог Ви доставуваме и **Листа со предлог-докази**, нумерирани <u>според редните броеви дадени погоре во текстот</u>, од кои јасно се утврдува дека пријавените се сторители на посоченото кривично дело од КЗ.

Прилози:

- Адвокатско *полномошно*;
- *Тековна состојба за адвокатот*;
- *Тековна состојба за ПП Левица од ЦР*;
- Листа на цитирани *писмени докази* (онака како што се нумерирани во поднесокот).

С к о п ј е
13.XII.2019

***Полномошник на подносителот:***
*Адвокат: м-р Спасе Николов*

АДВОКАТ
СПАСЕ НИКОЛОВ
тел. 072 / 216 - 818, Скопје
Бр. на лиценца: 4363

бул. „Крсте Мисирков" бр. 7, ДТЦ Мавровка, Ламела Ц, кат III, канц. бр. 4 - 1000 Скопје;моб.+389 72216-818;e-mail: spaseanikolov@gmail.com;
Е-сандаче:s_nikolov; ЕДБ: 5080019508783; ЕМБС: 7355009; Трансакциска с-ка: 210073550090121–НЛБ Банка